

**Ако имаш амбиција за професионален развој во динамична средина, со одлични услови и атмосфера за работа, пријави се на огласот и приклучи се на нашиот тим!**

УНИ Банка АД Скопје има потреба од мотивирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

# Администратор на база на податоци во Дирекција Информатички технологии

## Кандидатот треба да ги задоволува следните услови:

- Да има завршено најмалку четиригодишно високо образование ВСС од областа на информатика и информатички технологии (Природно математички факултет, ФЕИТ,ФИНКИ);
- Најмалку 2 - годишно искуство со Oracle Database 11g/12c бази на податоци;
- Најмалку 2 - годишно работно искуство со MS SQL Server бази на податоци;
- Најмалку 2 - годишно искуство во работа со Linux OS;
- Најмалку 2 - годишно искуство во работа со MS Windows Server OS;
- Најмалку 2 - годишно искуство со SQL и PL/SQL;
- Предност е поседување на ORACLE сертификати;
- Солидно познавање на англиски јазик;
- Да не е осудуван (потврда од суд не постара од 1 ден на денот на поднесување на апликација за работен однос – документација во архива на УНИ Банка А.Д.);

- Да наведе контакти во CV за претходно работно искуство од фирми заради потврда за успешно реализирани проекти и администрација при што во предвид се зема доверливоста на информациите.

## Опис на работно место и одговорности:

- Планирање, инсталација, конфигурација, администрација и одржување на Oracle бази на податоци во Single Instance и RAC околина;
- Одржување на физичкиот и логичкиот интегритет на базите;
- Управување со просторот за складирање на базите на податоци;
- Управување со сигурноста на базите на податоци;
- Backup и Restore на базите на податоци;
- Периодично архивирање на off-site backup локација, репликација на базата на податоци со Data Guard, тестирање на Data Guard и повторно воспоставување на Data Guard;
- Инсталација и конфигурација на Oracle клиентски софтвер;
- Изготвување на технички упатства за работа со базите на податоци и придржување кон овие упатства;
- Извршување на активности на одржување на бази на податоци вон работно време, сабота и недела;
- Приправност за интервенција на повик во случај на проблем со базите на податоци.

**Знаењето на кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе биде проверено и потврдено преку писмено и усно тестирање.**

## Бенефиции:

- Политика за наградување преку систем на бонуси;
- Обуки за личен и професионален развој;
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување;
- Спортски и тим билдинг активности;

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk,**најдоцна до 17.08.2025 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk.